**З А П И С Н И К**
**од Деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 јули 2025 година**

**Скопје, јули 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 јули 2025 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваа и Светлана Кузмановска и Наташа Стојановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Јетон Акику, директор на Агенцијата за електронски комуникации и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа, членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Полугодишен законодавен преглед утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за период од 1.7.2025 година до 31.12.2025 година

2. Барање за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок, со Предлог - одлука

3. Решенија за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на државни институции, со предлог-одлуки (10)

4. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија (Амфитеатарска сала)

5. Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија (Клуб на органите на државната управа)

6. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Општина Штип

7. Барање за давање согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр.1, со Предлог- одлука

8. Барање за давање согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр.3, со Предлог- одлука

9. Барање за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр. 4, со Предлог – одлука

10. Барање за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука (ГП бр.5)

11. Барање за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука (ГП бр.6)

12. Барање за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Општина Ново Село)

13. Барање за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука (Општина Ново Село)

14. Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Богданци)

15. Предлог на закон за контрола на индустриски емисии (*)

16. Информација за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион"

17. Информација за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно со Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, со Предлог-одлука

18. Информација за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија-Министерство за животна средина и просторно планирање за 2025 година, со Предлог-одлука

19. Информација за потпишување на Договорот за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија", со усогласен текст на Договор

20. Информација за состојбата со сместувачките капацитети на административните службеници вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Подрачна единица Делчево, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пела, Охрид, со Предлог-решение

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ројал Л, Ресен, со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бела Дона со седиште на ул. „Бранко Богдански – Гуцман" бр.17 Куманово, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мираге, Струга, со Предлог -решение

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Александрија, Охрид, со Предлог -решение

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ле Маноир, Гостивар, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Винарска визба Лозар, Битола, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Вабо турист, со седиште на булевар „ЈНА" бр. 2, Штип, со Предлог-решение

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Климетица, Охрид, со Предлог – решение

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Романтик хотели, Велес, со Предлог - решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ливинг 2014, Скопје, со Предлог – решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Греј стар, Неготино, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Куманово спа, Куманово, со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Солун и Иван, Скопје, со Предлог-решение

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Миа'с фаворите, Маврово, со Предлог – решение

36. Информација во врска со извршен повторен увид, согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20.8.2024 година, точка 25 (бр.41-3393/3), во угостителскиот објект за сместување хотел Уникат, Охрид, со седиште на ул. „Партизанска" бр.56 Охрид, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Горан Пандев, Струмица, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Урбаниста, Штип, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бора, Попова Шапка, Тетово, со Предлог-решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пр Оутдоорс, с.Маврово, Маврово и Ростуша, со Предлог – решение

41. Информација во врска со Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Казанџи холдинг АС, друштво организирано според законите на Република Турција, со усогласен текст на Меморандум

42. Предлог - одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

43. Предлог - одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (ГП бр.2.04 во Скопје)

44. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Сирково", Општина Росоман

45. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот ,,Краста", с. Мирдита, Општина Гостивар

46. Предлог – одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Красте-Бел Камен" с. Пчиња, Општина Куманово

47. Информација во врска со потпишување договор за имплементација на проект „Поддршка на процесот на декарбонизација на Република Северна Македонија преку интегрирано

управување со шумските пожари и зајакнување на размената на информации за клима", финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор

48. Информација за Предлог-стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со текст на Стратегија и Акциски план 2025 – 2028

49. Барање на Ефкан Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

50. Барање на Џанан Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

51. Предлог на закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор (*)

52. Информација за прогресот на активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален информациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија"

53. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план 2024-2025 година, за спроведување на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија С3-МК 2024-2027 година, за 2024 година, со збирна матрица

54. Информација за активностите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес

55. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за партнерство за образовна соработка во рамките на програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата за 2024-2027 година, со усогласен текст на Меморандум

56. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Универзитетот во Тетово

57. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година

58. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.24/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банката" и член 22 став 4 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24, 121/24 и 16/25) и член 2 точки 37 и 38 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 122/21 и 37/25)

59. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.28/2025 за оценување на уставноста на дел од одредба од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24)

60. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 во делот „единките корисници", член 9 став 2 во делот „критериуми", од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 254/24) и член 4 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/25)

61. Иницијатива поднесена од Виктор Василевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.44/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 став (1) точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22)

62. Иницијатива од Влатко Атанасоски од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.34/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 599 став 1 точка 6 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18, 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.79/20, 123/20, 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 44 став 2, член 45 став 1, член 46 и член 47 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 253/23)

63. Кадровски прашања

64. Прашања и предлози

65. Извештај за работата на Државниот просветен инспекторат за 2024 година

66. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2025 година

67. Извештај за работата на Советот за македонски јазик за 2024 година (јануари – септември 2024 година и декември 2024 година)

68. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови", со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, за 2024 година

69. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година

70. Информација за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови поврзани со ИПА проектите кои се работат, согласно ФИДИК правилата

71. Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлог на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година

72. Информација за Годишна сметка за 2024 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните-Скопје

73. Предлог - програма за изменување на Програмата за распределба и користење на средства за реализација на проекти во сообраќајната инфраструктура за 2025 година

74. Информација во врска со задолжението од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, за компаративната анализа за трите варијантни решенија за изведба на Делница 2: Гостивар-Букојчани, со прилози

75. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и прва одлука)

76. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и четврта одлука)

77. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и петта одлука)

78. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс 6 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем, склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог-одлуки

79. Информација во врска со инвестицискиот проект „Обнова на возниот парк" на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје

80. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Општина Битола

81. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (прочистувачи на воздух)

82. Предлог - одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија, за учебната 2025/2026 година

83. Информација за интегрирање на онколошките одделенија од ЈЗУ клинички болници и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември" во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, со цел функционална децентрализација на онколошката и радиотерапевтската здравствена услуга

84. Информација за состојбата со „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион" и учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 47-та сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (6-16 јули 2025 година, Париз, Франција)

85. Записник од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 8 јули 2025 година

86. Записник од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 7 јули 2025 година

87. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонски Телеком АД Скопје, со текст на Меморандум

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Полугодишниот законодавен преглед утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за период од 1.7.2025 година до 31.12.2025 година и ги донесе следните заклучоци:

1) Го прифати текстот на Полугодишниот законодавен преглед утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за период од 1.7.2025 година до 31.12.2025 година, со заклучок да се измени, согласно укажувањето на Министерството за финансии и тоа:

- Предлогот на закон за банките, наместо предвидениот рок септември 2025 година, да биде декември 2025 година и

- Предлогот на закон за систем за заштита на депозити, наместо предвидениот рок септември 2025 година, да биде декември 2025 година.

Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година.

2) Изменетиот Полугодишен законодавен преглед утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за период од 1.7.2025 година до 31.12.2025 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3) Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Полугодишниот законодавен преглед утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за период од 1.7.2025 година до 31.12.2025 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истиот.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Барањето за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок, со Предлог - одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниска висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz И 3.x GHz, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2633/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о (бр.09-2632/1 од 10.6.2025 година, разна стока).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите (бр.09-2631/1 од 10.6.2025 година, разна стока).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово (бр.09-2630/1 од 10.6.2025 година, алати).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово (бр.09-2629/1 од 10.6.2025 година, алати).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2628/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2627/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2626/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети) .

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2625/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (бр.09-2624/1 од 10.6.2025 година, црковни предмети).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија (Амфитеатарска сала).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија (Клуб на органите на државната управа).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Општина Штип.

**Точка 7**

Владата го разгледа Барањето за давање согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр.1, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за

давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето за давање согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр.3, со Предлог- одлука, го усвои Барањето и условно ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново позитивно мислење по материјалот.

**Точка 9**

Владата го разгледа Барањето за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија за ГП бр. 4, со Предлог - одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа Барањето за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука (ГП бр.5), го усвои Барањето и условно ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, доколку Агенцијата за катастар на недвижности доставни ново позитивно мислење по истата.

**Точка 11**

Владата го разгледа Барањето за давање на согласност за давање на долготраен закуп со електронско јавно наддавање на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука (ГП бр.6), го усвои Барањето и условно ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, доколку Агенцијата за катастар на недвижности доставни ново позитивно мислење по истата.

**Точка 12**

Владата го разгледа Барањето за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Ново Село).

**Точка 13**

Владата го разгледа Барањето за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Ново Село).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Богданци) и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок по добивање на мислење од Министерството за транспорт, истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*  *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јули 2025 година повторно ја разгледа и ја одложи Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Богданци).

**<u>Точка 15</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за контрола на индустриски емисии (*) и го утврди, со следните заклучоци:

1. Предлагачот да достави кореспондентни табели усогласени со Секретаријатот за законодавство, Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и Мислење на Секретаријатот за законодавство по Изјавата.

2. Текстот на Законот да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Линдита Дика, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на општините од Источен Регион: Берово, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци и Свети Николе навремено да ги завршат постапките за донесување на урбанистичка документација и издавање на одобренија за градење, најдоцна до јули 2025 година, како и да земат поактивно и редовно учество во имплементацијата на проектот.

2. Се препорачува на Општина Делчево во соработка со изведувачот и надзорот од ИПА проектот да определи поширок опфат на постојаната депонија во Делчево, со цел прифаќање на отпадот од Делчево и Македонска Каменица, во најбрз можен рок.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори, да потпише Анекс на Договорот за надзор, до септември 2025 година, со цел релокација на средствата и успешна реализација на ЛОТ 1.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, по неуспешната тендерска постапка, реализирањето на ЛОТ 2 – „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Североисточен Регион" да го предвиди во ИПА 3, Оперативна програма за животна средина

2024-2027 и за таа цел да иницира координативен состанок до јули 2025 година со Сектор за централно финансирање и склучување договори при Министерство за финансии и Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија.

5. Се препорачува на општините Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево редовно да ги исполнуваат обврските утврдени со Договорот за уредување на меѓусебните односи помеѓу Општина Кочани, Општина Виница, Општина Зрновци и Општина Чешиново-Облешево во врска со преземањето и третманот на комуналниот отпад од наведените општини на „Градска депонија" во Кочани потпишан на 6.2.2025 година, односно навремена исплата на надоместокот за депонираниот отпад.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно со Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно со Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за локална самоуправа.

**Точка 18**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија-Министерство за животна средина и просторно планирање за 2025 година, со Предлог-одлука, со оглед дека истата е разгледана на Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јули 2025 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија", со усогласен текст на Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за проект помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Швајцарската конфедерација, застапувана од Државниот секретаријат за економски прашања, во врска со доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија".

2. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во присуство на Звонко Пекевски, градоначалник на Општина Берово, Илија Рунтевски, директор на Јавното претпријатие Услуга - Берово, Тони Коњановски, градоначалник на Општина Битола, Андреј Гинов, директор на Јавното претпријатие Водовод - Битола, Венко Крстевски, в.д. градоначалник на Општина Кочани, Мирче Паунов, директор на Јавното претпријатие Водовод - Кочани, Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, Оливер Стојмановски, директор на Јавното претпријатие Водовод - Куманово, Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш, Гоце Дединец, директор на Јавното претпријатие Плаваја - Радовиш, Костадин Костадинов, градоначалник на Општина Струмица, Љупче Љацев, директор на Јавното претпријатие Комуналец - Струмица, Миле Петков, градоначалник на Општина Виница

и Игор Спасовски, директор на Јавното претпријатие Солидарност – Виница, да го потпише Договорот за проект помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Швајцарската конфедерација, застапувана од Државниот секретаријат за економски прашања, во врска со доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија“.

3. Се задолжува Министерството за животна средина просторно планирање, а се укажува на општините Битола, Куманово, Кочани, Виница, Берово, Радовиш и Струмица, да ги планираат средствата во рамките на сопствените буџети за годините кои се опфатени во Договорот за проект помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Швајцарската конфедерација, застапувана од Државниот секретаријат за економски прашања, во врска со доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија“.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со сместувачките капацитети на административните службеници вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Подрачна единица Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пела, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителските објекти (хотел Пела, со седиште нас. Св. Стефан ББ Охрид за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ројал Л, Ресен, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бела Дона со седиште на ул. „Бранко Богдански – Гуцман“ бр.17 Куманово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мираге, Струга, со Предлог -решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Александрија, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ле Маноир, Гостивар, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Винарска визба Лозар, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Вабо турист, со седиште на булевар „ЈНА“ бр. 2 Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Климетица, Охрид, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Климетица, со седиште во Населено место без уличен систем бр.1-нас.Св.Стефан/Коњско, Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди) .

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Романтик хотели, Велес, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ливинг 2014, Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Греј стар, Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Куманово спа, Куманово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Солун и Иван, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Миа’с фаворите, Маврово, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Миа’с Фаворите, со седиште во с. Маврово, Маврово и Ростуша за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршен повторен увид, согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20.8.2024 година, точка 25 (бр.41-3393/3), во угостителскиот објект за сместување хотел Уникат, Охрид, со седиште на ул. „Партизанска“ бр.56 Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Горан Пандев, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Урбаниста, Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бора, Попова Шапка, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пр Оутдоорс, с.Маврово, Маврово и Ростуша, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Казанџи холдинг АС, друштво организирано според законите на Република Турција, со усогласен текст на Меморандум, ја усвои и го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Казанџи холдинг АС, друштво организирано според законите на Република Турција.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со заклучок по добивање на ново мислење од Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (ГП бр.2.04 во Скопје).

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Сирково", Општина Росоман.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста", с. Мирдита, Општина Гостивар.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Красте-Бел Камен” с. Пчиња, Општина Куманово.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување договор за имплементација на проект „Поддршка на процесот на декарбонизација на Република Северна Македонија преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на размената на информации за клима", финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор, ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Договорот за имплементација на проектот „Поддршка на процесот на декарбонизација на Република Северна Македонија преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на размената на информации за клима" финансиран од Зелениот климатски фонд.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со текст на Стратегија и Акциски план 2025 година – 2028 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025 година -2028 година.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025 година -2028 година.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето на Ефкан Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за надворешни работи и Агенцијата за национална безбедност, утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 50**

Владата го разгледа Барањето на Џанан Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за надворешни работи и Агенцијата за национална безбедност.

**Точка 51**

Владата на барање на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор (*), за наредната седница на Владата.

**Точка 52**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за прогресот на активностите кои произлегуваат од проектот „ИННОФЕИТ Европски дигитален информациски хаб – Едношалтерски систем за дигитална и зелена транзиција во Република Северна Македонија“ ,за наредната седница на Владата.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план 2024-2025 година, за спроведување на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија С3-МК 2024-2027 година, за 2024 година, со збирна матрица и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена, да формира Координативна работна група за поддршка на спроведувањето и дијалогот на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија С3-МК 2024-2027 година.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, во рок од пет дена, да достават до Министерството за образование и наука номинација на член и заменик-член во Координативната работна група за поддршка на спроведувањето и дијалогот на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија С3-МК 2024-2027 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес, ја усвои и го задолжи Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022–2030, квартално да ја информира Владата на Република Северна Македонија за текот и напредокот на активностите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес.

**Точка 55**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандум за партнерство за образовна соработка во рамките на програмата на Меѓународната организација на франкофонијата за 2024-2027 година, со усогласен текст на Меморандум и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за партнерство за образовна соработка во рамките на програмата на Меѓународната организација на франкофонијата за 2024-2027 година.

2. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да го потпише Меморандумот за партнерство за образовна соработка во рамките на програмата на Меѓународната организација на франкофонијата за 2024-2027 година.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Универзитетот во Тетово.

**Точка 57**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 19 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај, Државната комисија го доставува и до Претседателот на Републиката, Владата и средствата за јавно информирање.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси содржи одредба (член 19 став (3)), со која е утврдено Годишниот извештај да содржи:
- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува, согласно со своите надлежности, со анализа,
- број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи,
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија,
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка,
- оценка на спроведувањето на овој закон и
- оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

Предметниот Годишен извештај во поголем обем ги содржи утврдените елементи за задолжителна содржина на годишен извештај за работата на Државната комисија, со тоа што:
- статистички податоци за оформени предмети, решени предмети и предмети по кои постапува согласно своите надлежности, со анализа, се дадени во поглавјата 7.2.1 „Постапување во случаи за сомнежи за корупција" и 7.2.3. „Постапување во случаи на судир на интереси" од Годишниот извештај;
- податоци со број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи, со информации за институциите кои (не)постапиле по барањата на Државната комисија, како и податоци за дадени препораки кон органите и институциите заради надминување на констатирани ризици, се дадени во истите поглавја и во табеларните прегледи од прилозите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Годишниот извештај;
- бројот на предмети за кои е покрената прекршочна постапка е презентиран во поглавјето 7.2.5 „Водење на прекршочни постапки" од Годишниот извештај.

Меѓутоа, Годишниот извештај не содржи оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата, иако тоа е задолжителен елемент за содржина на Годишниот извештај. Со мислењето по однос на Извештајот за работата на Државната комисија за 2023 година, беше укажано на потребата Државната комисија да користи методолошки собрани и анализирани податоци за состојбите со корупцијата, врз основа на кои ќе ги насочува превентивните активности.

Во предметниот Годишен извештај, Државната комисија не дала оценка за спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во врска со овој задолжителен елемент кој недостасува, потребно е да се има предвид дека во Годишниот извештај, во Поглавјето 2.1. Законски предизвици и препораки за унапредување на системот, Државната комисија посочува на одредени недостатоци на Законот. Исто така, треба да се има предвид учеството на Државната комисија во Работната група за подготовка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, по Иницијатива на Државната комисија, а имајќи ги предвид дадените оценки за спроведувањето на Законот во годишните извештаи за работата на Државната комисија за 2019 и 2020 година, процесот за подготовка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е започнат на 21.4.2021 година и истиот е во тек. Оттука, давањето на Иницијативата за измена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може да се припише на извештајниот период.

Согласно, член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 196/15, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), Државната комисија е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за примени пријави од укажувачи во рамки на својот годишен извештај за работа. Согласно оваа одредба, годишен извештај за примени пријави од укажувачи е содржан во предметниот Годишен извештај, во Глава 12 „Закон за заштита на укажувачи“.

Државната комисија е надлежна и да информира за примената на Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21). Согласно член 27 од Законот за лобирање, Годишниот извештај содржи информации за примената на регулативата за лобирање, соодветно во Глава 13 „Закон за лобирање“.

Предметниот Годишен извештај содржи сеопфатни информации и податоци за реализираните активности во вршењето на надлежностите на Државната комисија, со тоа што, покрај горенаведеното, наведени се и информации за активностите на Државната комисија и во остварувањето на надлежностите за следење на спроведувањето на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, следење на законитоста на изборните кампањи, евидентирањето и следењето на имотната состојба, проверка на податоците од изјавите за имотна состојба и интереси, анти-корупциска проверка на прописи и водење на Регистарот на избрани и именувани лица. Исто така, во Годишниот извештај содржани се информации за активностите на Државната комисија насочени кон зајакнување на личниот и институционалниот интегритет и јакнењето на јавната свест.

Под посебни делови од Годишниот извештај, презентирани се преземените активности за подобрување на квалитетот на работењето на Државната комисија, нејзината соработка со други институции и меѓународната соработка, како и податоците за реализација на буџетот, завршната сметка и финансирањето (глави 5-7). Се забележува дека е потребно Државната комисија да ја преоцени потребата за склучување на меморандуми за соработка, односно договори за размена на податоци со проекти во кои Државната комисија е корисник.

Покарактеристични наоди што можат да се издвојат од Годишниот извештај се следните:

• Споредено со изминатата година, во 2024 година нема значителна промена во бројот на вработени во Секретаријатот на Државната комисија (79,7% пополнетост на предвидените работни места, споредено со состојбата во 2023 година, кога пополнетоста изнесуваше 81%);

• За 2024 година, обезбеден е повисок износ на финансиски средства за буџетот на Државната комисија, споредено со буџетот за 2023 година (од 63.862 денари за 2024 година, реализирани се средства во вкупен износ од 57.527 денари или 90%.), но процентот на реализација е понизок (од 88.019 денари за 2024 година, реализирани се средства во вкупен износ од 75.432 денари или 86%). Според Годишниот план за јавни набавки, донесен во јануари 2024 година, од планираните 13 јавни набавки, Државната комисија успешно спровела 11, а две набавки не биле реализирани, поради „одредени непредвидени околности“, како што е наведено во предметниот Годишен извештај, без повеќе информации за тоа кои се тие непредвидени околности;

• Државната комисија известува за софтверски алатки, развиени и прифатени во 2023 година, без информација за нивната примена и функционалност во 2024 година;

• Во 2024 година, Државната комисија стана членка на мрежата Европски партнери против корупција (EPAC/EACN);

• Во текот на 2024 година, Државната комисија примила 689 пријави (за 40 пријави повеќе од 2023 година) од разни области и оформила 767 предмети (за 6 предмети помалку од 2023 година). По сопствена иницијатива иницирала 78 постапки и започнала проверка на имотната состојба на 21 носител на јавни функции, а одржала 16 седници (за две седници помалку од изминатата година) на кои се донесени 742 одлуки (за 713 одлуки помалку од изминатата година);

• Пријавите од областа на корупцијата кои Државната комисија ги добила во текот на 2024 година, во најголем дел се однесуваат на пријави со наводи за незаконити вработувања и именувања без исполнување на законски услови (политички влијанија или непотизам), повеќекратно именување на в.д. директори спротивно на законските рокови, урбанистички нерегуларности, неправилности при јавни набавки, особено во фазите на техничка спецификација и селекција;

• Државната комисија донела 353 одлуки по постапување по пријави, од кои 138 се одлуки за отфрлање на пријави поради ненадлежност на Државната комисија. Во 42 предмети, Државната комисија одлучила предметот да го достави на надлежно постапување до други надлежни институции. По 173 предмети, Државната комисија донела одлука за запирање на постапката поради непотврдување на наводите од пријавата, поради тоа што се води постапка пред друг надлежен орган или во случаите кога од Државната комисија е констатирана повреда на закон и е иницирана постапка пред надлежен орган. Државната комисија поднела четири иницијативи до надлежните јавни обвинителства, осум иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица, 20 други иницијативи и барања произлезени од предмети оформени по пријави за сомнежи за корупција, а издала 77 мислења по доставени барања за утврдување на постоење потенцијален судир на интереси, седум препораки и шест укажувања препораки и укажувања до неколку институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатирани состојби. Наместо во содржината на Годишниот извештај, податоците за статусот на иницијативите, односно препораките и укажувањата се дадени во прилози на Годишниот извештај;

• 68% од институциите не ги доставиле до Државната комисија потребните податоци за службените возила (согласно Изборниот законик);

• Значителен дел од содржината на Годишниот извештај е посветен на собраните и анализираните податоци за финансирањето на изборните кампањи. Државната комисија смета дека финансирањето на изборниот процес со средства од буџетот на државата треба да се укине, поради постоење на корупциски ризици и идното влијание на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите.
• Во периодот на изборните процеси, Државната комисија оформила вкупно 65 предмети. Најголем дел од пријавените изборни нерегуларности 58% се однесуваат на прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик. Во рамките на своите надлежности, Државната комисија има покренато шест иницијативи за поведување постапка за кривично гонење по предметите по кои има постапувано, како и пет иницијативи пред надлежните органи за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службени лица. До Државната комисија бил доставен приговор од организатор на изборна кампања. Приговорот е усвоен, а Академијата за судии и јавни обвинители беше задолжена оспорената започната постапка за прием на слушатели да ја стави во мирување. Дополнително, Државната комисија поднела две

иницијативи за утврдување одговорност и тоа против Управниот одбор на Академијата до релевантните правосудни институции и против директорот на Академијата до Управниот одбор и до Министерството за правда.

• Во извештајниот период, Државната комисија доставила 12 укажувања до службените лица кои ги прекршиле забраните и ограничувањата за вршење на дополнителни дејности за време на вршењето на функцијата. Во сите 12 случаи службените лица постапиле по укажувањата, односно се откажале од вршење на една функција или извршиле промена на управителството на приватна фирма која е во нивна сопственост. Во истиот период, Државната комисија доставила седум известувања до надлежни органи каде службените лица вршат јавни овластувања или од каде се именувани при што сите постапиле по известувањата на Државната комисија.

• Во 2024 година, Државната комисија поднела четири иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица поради неизземање и непријавување на приватен интерес од страна на службените лица во постапки за вработување на блиски лица, како и учество во расправа кога се работело за интерес на блиско лице и сл.

• Од 1 јануари 2024 година во функција е новото софтверско решение за електронско поднесување на изјави за имотна состојба и интереси, со што значително е унапреден процесот на прибирање, чување и проверка на изјавите и се намалува административниот товар.

• Во извештајниот период, Државната комисија донела 231 одлука по предмети од областа на евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите. Државната комисија идентификувала вкупно 132 предмети наследени од претходни години, кај кои веќе настапила застареност за поведување и водење на прекршочна постапка. Во текот на 2024 година, биле оформени вкупно 109 предмети за проверка на податоците од изјавите за имотна состојба и интереси. Годишниот план за 2024 година не ја потврдува проактивноста на Државната комисија во делот на вршењето на нејзините надлежности за проверка на изјавите за имотна состојба и интереси.

• Во извештајниот период, Државната комисија издала вкупно 108 прекршочни платни налози, од кои 65 за неподнесување или ненавремено поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, 40 за непријавување на судир на интереси или незаконска кумулација на функции. Од издадените прекршочни платни налози, во 67 случаи сторителите ја платиле половина од изречената глоба во законски утврдениот рок, согласно механизмот за порамнување. Поради неплаќање на глобата во предвидениот рок, Државната комисија во 68 случаи поднела барања за поведување прекршочна постапка пред Прекршочната комисија во Државната комисија. Заклучно со 31 декември 2024 година, Прекршочната комисија во Државната комисија донела 64 решенија, од кои 41 со кои е изречена прекршочна санкција – глоба, четири решенија со кои е изречена опомена, четири решенија со кои се запира прекршочната постапка, 11 решенија со кои е отфрлено барањето за поведување прекршочна постапка, а со четири вратено е барањето за повторно спроведување постапка за порамнување. Во 14 случаи, решенијата за глоба не биле доброволно извршени, поради што биле доставени до Управата за јавни приходи, за присилна наплата. Против седум решенија на Прекршочната комисија, сторителите поднеле тужби до Управниот суд. Вкупната сума на наплатени глоби во 2024 година изнесува 14.100 евра (867.150 денари), кои се уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија.

• Во доставените полугодишни извештаи за првата половина од 2024 година, три институции известиле дека овластените лица во тие институции примиле вкупно три пријави од укажувачи по кои биле преземени дејствија и мерки, согласно Законот за заштита на укажувачите. Во втората половина од 2024 година, две институции известиле дека примиле три пријави од

укажувачи и постапиле, согласно Законот. Во 2024 година, до Државната комисија поднесени биле три пријави заради заштитено надворешно пријавување, во кои се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејствија преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што укажувачите кои ги поднеле пријавите работат или порано биле вработени или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка).

• Во 2024 година Државната комисија донела решенија за регистрација на три лоби организации.

• Покрај ниската реализација на мерките и активностите предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 (18%, односно 31% вкупна реализација), Државната комисија известува за спроведените проектни активности - истражувања за квалитативни анализи на ризичните сектори и препораки за унапредување на подготовката на новата национална стратегија, а ги повторува укажувањата дадени со Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година, за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година.

Информациите од Годишниот извештај ја потврдуваат констатацијата дека е неопходно да се заостри режимот на санкции за прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради зголемување на одвратувачкиот ефект. Исто така, се укажува на потребата за измена на Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии.

Доставувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата, утврдена со горенаведените законски одредби.

Имајќи го предвид сето горенаведено, по однос на предметниот Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење, со следните укажувања, односно препораки, за потребата Државната комисија:

- методолошки да го уреди следењето на состојбите со корупцијата во земјата, со тоа што да користи повеќе извори на податоци за соодветно презентирање на состојбите, со цел сознанијата да претставуваат основа за насочување на превентивните активности на Државната комисија и определувањето на приоритетите, односно целите на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата,

- да ги унапреди собирањето/усогласеноста при обединување, обработката и анализата на податоците со кои располагаат организационите единици во нејзиниот секретаријат, во функција на соодветно презентирање на ефикасноста во постапувањето, односно остварувањето на своите надлежности, како и да ја унифицира содржината на годишните извештаи кои ги подготвува согласно закон;

- да ја промени методологијата што ја користи за следење и известување на исполнувањето и успешноста во имплементација на елементите на Системот на интегритет, имајќи ги предвид наодите од Извештајот од спроведеното следење на примената на Системот на интегритет (според кој на пример Општина Кочани е високо рангирана со оценка „добро" со 66,9% исполнетост на обврските и успешноста во имплементација на Систем на интегритет или на пример Општина Струга е рангирана со оценка „просечно" со 48,9% на исполнетост на обврските и успешноста);

- за постигнување на индикаторот Целосно спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, предвиден со Патоказот за Владеење на правото, во делот II. Борба против корупцијата, да преземе активности од своја надлежност за итно донесување на измена на Акциониот план за спроведување на Националната стратегија (до крајот на 2025 година), со почитување на одредбите од член 18 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а имајќи предвид постоење потреба од измена на одредени мерки и активности, поради правна неусогласеност или изменети состојби кои оневозможуваат нивна реализација;

- да ја зголеми проактивноста во вршењето на надлежностите за проверка на имотна состојба и интереси, но и во вршењето на надлежностите кои ги врши согласно Законот за лобирање и Законот за заштита на укажувачи;

- за оценка на спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да применува методологија, како што е Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.24/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 22 став 1 во делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банката" и член 22 став 4 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/21, 74/24, 121/24 и 16/25) и член 2 точки 37 и 38 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 122/21 и 37/25) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно, наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 22 став (1) во делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" и член 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21, 74/24 и 16/25) и член 2 точки 37 и 38 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 122/21 и 37/25), поради тоа што смета дека оспорените одредби се во спротивност со член 9 алинеја 7 и член 60 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Иницијативата подносителот наведува дека согласно одредбата од членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка во Република Северна Македонија, за подобрување на ликвидноста на банката со цел одржување на стабилноста на финансискиот систем. Ликвидносната поддршка по правило се одобрува во денари, а по исклучок во странска валута.

Според подносителот на Иницијативата во членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, а ниту пак низ целиот текст на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, не се пропишува што се подразбира под тоа „исклучителни околности", а и самата одредба од членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија пропишува дека станува збор за „обезбедување на ликвидносна

поддршка во исклучителни околности за банка" во Република Северна Македонија, а со цел „одржување на стабилноста на финансискиот систем".

Во Иницијативата подносителот наведува дека една од целите на Народната банка на Република Северна Македонија, покрај ценовната стабилност е да придонесува кон одржување на стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем, во тој случај оспорениот дел „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" од членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е во спротивност со начелото на слободата на пазарот и претприемништвото пропишани со членот 9 алинеја 7 од Уставот на Република Северна Македонија од причини што банката е правно лице кое се регистрира согласно позитивните прописи кои важат во Република Северна Македонија и според тоа како правно лице истапува во свое име и за своја сметка во правниот промет и според тоа, банката има можност да истапува на отворениот пазар како правно лице, а со цел да ја одржи својата стабилност. Со оспорениот дел „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" од членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, подносителот на Иницијативата наведува дека се нарушува и самиот принцип на отворена пазарна економија со слободна конкуренција пропишан со членот 6 став (2) и став (3) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, односно конкурентноста и пазарно ориентираниот финансиски систем. Дополнително кон ова е и спротивноста на оспорениот дел „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" од членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија како што е наведено во воведот на оваа иницијатива со членот 60 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија  кој се однесува на ликвидност на плаќањата во земјата.

Според подносителот на Иницијативата, оспорената одредба од членот 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е недоволно прецизна. Имено, во истата е содржано „по исклучок". Од целината на одредбата од членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не се пропишуваат кои се „исклучоците" од членот 22 став (1) од наведениот закон, а тоа не произлегува ниту од целината на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија. Според подносителот на Иницијативата, примената на одредбата од членот 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија може да доведе до арбитрарно постапување кое нешто не е дозволено според начелото на владеење на правото кое обединува во себе дека во правниот промет треба да постојат јасни, прецизни и концизни норми кои нема да остават место за арбитрарно толкување од оние кои треба да ги применуваат, оние над кои треба да се применат, на односите кои треба да ги регулираат.

Оттука, во врска со поведената Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22 став (1) во делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" и член 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21, 74/24 и 16/25) и од членот 2 точки 37 и 38 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 122/21 и 37/25), се укажува на следното:

Ликвидносната поддршка во исклучителни околности претставува значаен инструмент којшто им е на располагање на централните банки, заради обезбедување привремена ликвидност на банка, којашто не е во можност на редовен начин да ја обезбеди потребната ликвидност за непречено извршување на плаќањата (преку финансиските пазари или преку редовните монетарни инструменти на централната банка за обезбедување ликвидност), а со крајна цел одржување на финансиската стабилност во земјата. Инструментот е поврзан со улогата на

централната банка како кредитор во крајна инстанца за банките, имајќи ја предвид доминантната улога на банките во финансискиот систем, како и одговорноста на централните банки за финансиската стабилност во земјата, којашто претставува и јавен интерес. Европскиот систем на централни банки има законска можност за одобрување ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банки, при што правниот основ во европското законодавство е определен во член 14.4. од Статутот на Европскиот систем на централни банки и Европската централна банка (ЕЦБ), а потоа и подетално уреден во правните акти на ЕЦБ и на поединечните национални централни банки, каде се уредени дефиницијата, распределбата на одговорностите помеѓу националните централни банки и Европската централна банка (ЕЦБ), критериумите и условите за одобрување и други значајни аспекти при спроведувањето на овие операции.

Со членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија се уредува токму овој инструмент, односно улогата на Народна банка како кредитор во крајна инстанца за банките.

Со претпоследните измени на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија од април 2024 година, по препорака на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), а заради зајакнување на правната рамка во земјата за ликвидносна поддршка на банка во исклучителни околности, во членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија поблиску се дефинираа и доуредија одредени аспекти на овој инструмент, при што истовремено терминот „ликвидносна поддршка во исклучителни околности" го замени претходниот назив на истиот инструмент „кредит во крајна инстанца" како соодветен превод од англискиот термин „emergency liquidity assistance". Законските доуредувања се во линија со стремежите и напорите на Народна банка за имплементирање на најдобрите меѓународни практики, вклучително и европската пракса во сите домени од нашето работење.

Оспорената одредба како во членот 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија според подносителот на Иницијативата може да се смета дека е во спротивност и со начелото на слобода на пазарот и претприемништвото од членот 9 алинеја 7 од Уставот, како и во спротивност со членот 60 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено „гаранција обезбедена од Владата на Република Северна Македонија" може да претпостави мешање, односно условеност во самостојноста на Народната банка од една страна, а од друга страна и повреда на начелото на слобода на пазарот и претприемништвото од причини што Владата на Република Северна Македонија би била „гарант" за нешто или околности што настанале независно од истата па според тоа, има вмешување во слободата на пазарот и претприемништвото.

Во однос на наводите во Иницијативата дека во членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не се пропишува што се подразбира под „исклучителни околности", се укажува дека ликвидносната поддршка којашто е предмет на уредување во овој член, се одобрува во околности кога не постои можност банката да пристапи до редовни, пазарни извори на ликвидност, вклучително и финансирање преку редовните монетарни инструменти преку коишто Народната банка дава кредити што е уредено во членот 19 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, како и неможност за финансирање од странската матична банка. По исцрпување на овие можности, единствен преостанат кредитор во крајна инстанца е Народната банка преку инструментот „ликвидносна поддршка во исклучителни околности". Од овие причини се работи за исклучителни околности, коишто ретко настануваат, а бараат брза реакција, со цел спречување на евентуално нарушување на стабилноста на финансискиот систем што е од јавен интерес.

Во однос на наводите од Иницијативата за целите на Народната банка определени во членот 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, се укажува на ставот (2) од

овој член, во којшто е предвидено дека: „Друга цел на Народната банка, која е подредена на основната цел, е да придонесува кон постигнување и одржување на финансиската стабилност.'' Подносителот на Иницијативата погрешно ја цитира споменатата одредба, не земајќи предвид дека истата е изменета со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на република Северна Македонија" бр. 74/24). Неосновани се и наводите во Иницијативата дека делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности" од членот 22 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија се спротивни на одредбата за слободата на пазарот и претприемништвото, како темелна вредност на уставниот поредок во Република Северна Македонија од членот 8 став 1 алинеја 7 (во Иницијативата се наведува член 9 алинеја 7) од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека се нарушува „принципот на отворена и пазарна економија со слободна конкуренција" од членот 6 став (3) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, со оглед дека може да се одобри на која било домашна банка под истите строго пропишани услови и критериуми. Можноста за ликвидносна поддршка само на банки е тесно поврзано со нивното доминантно учество во структурата на финансискиот систем и нивното исклучително значење за финансиската стабилност во земјата, што е крајната цел на инструментот. Исто така, нема основ повикувањето во Иницијативата на одредбата од членот 60 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, во која што е определено дека Народната банка на Република Северна Македонија е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство. Имајќи ја предвид токму ваквата уставно дадена одговорност на Народната банка на Република Северна Македонија, Законот за Народната банка на Република Северна Македонија ги разработува задачите и инструментите на Народната банка на Република Северна Македонија, вклучително и инструментот за ликвидносна поддршка во исклучителни околности, преку кои се обезбедува и непречено извршување на плаќањата во земјата и кон странство. Впрочем, во основата на секоја ликвидносна поддршка преку инструментите на Народната банка на Република Северна Македонија, е обезбедување непречено вршење на плаќањата во земјата и кон странство.

Во врска со ваквите наводи, треба да има предвид дека поради улогата на банките во економијата на секоја држава, тие се посебно регулирани субјекти, а законската регулатива предвидува строги критериуми за основање и работење на банките, пред сè поради потребата од заштита на депонентите, кои своите средства ѝ ги довериле на одредена банка. Од аспект на начелата на слобода на пазарот и слободна конкуренција, истите не се нарушуваат преку инструментот ликвидносна поддршка во исклучителни околности, ако се има предвид дека ваквата поддршка под еднакви услови е достапна за банките коишто се соочуваат со привремени ликвидносни проблеми, доколку е тоа потребно за да се зачува стабилноста на финансискиот систем.

Исто така, се укажува дека банките коишто во своето редовно работење имаат краткорочен недостиг на ликвидни средства за непречено извршување на плаќањата за сопствените потреби и за потребите на клиентите, имаат можност да позајмат пари преку финансиските пазари, а воедно имаат и можност да позајмат средства преку другите редовни монетарни инструменти на Народната банка на Република Северна Македонија. Одобрувањето ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банка е предвидено доколку е тоа потребно заради одржување на финансиската стабилност, што е и законска цел на Народната банка на Република Северна Македонија пропишана во членот 6 став (2) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија. Ваквата поддршка не се одобрува во секој случај кога е потребно подобрување на ликвидноста на одредена банка, туку доколку, покрај останатите услови пропишани во членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија (пр. солвентност и одржливост на банката), одобрувањето на ликвидносната поддршка е потребно заради зачувување на стабилноста на финансиskiот систем во целина и врз основа на јасно определени и строги критериуми и услови, вклучително

солвентност и одржливост на банката. Имајќи ги предвид директните, но и преносните ефекти коишто може да настанат од неликвидна банка врз останатите економски субјекти (правни и физички лица), преку ликвидносната поддршка на банка којашто привремено се соочува со ликвидносни предизвици, Народна банка во крајна линија овозможувајќи услови за непречено извршување на плаќањата ја поддржува и заштитува и реалната економија. Ликвидносната поддршка во исклучителни околности се одобрува врз основа на барање од банката по исцрпување на другите пазарни можности, и ваквата ликвидносна поддршка е привремена, се одобрува на краткорочна основа, со каматна стапка поголема од највисоката каматна стапка на монетарните инструменти на Народната банка (член 22 став (3)). Воедно, дополнителен услов е дека банката треба да достави и соодветен акциски план со наведување на мерките што ќе ги преземе (член 22 став (5)). Важно е да се напомене дека ликвидносната поддршка во исклучителни околности е обезбедена кредитна операција, односно може да се одобри само врз основа на соодветно обезбедување, со што се овозможува целосна финансиска заштита на Народна банка.

Целта поради која во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е предвидена можност за одобрување ликвидносна поддршка во исклучителни околности, како и уреденоста на условите и начинот на нејзиното одобрување, се тесно поврзани и со одредбата од членот 8 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, стабилноста на банкарскиот систем, финансиската стабилност и мерките што се преземаат заради нивно постигнување и одржување се од јавен интерес.

Во однос на оспорувањето на одредбата од членот 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, поради „недоволна прецизност", односно поради тоа што не било пропишано кои се исклучоците од ставот (2) (во Иницијативата се наведува ставот (1)) на истиот член, јасно е дека двете одредби треба заедно да се гледаат, имајќи предвид дека ставот (4) се повикува на ставот (2) од истиот член. Согласно член 22 став (2) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Народната банка може да одобри ликвидносна поддршка во исклучителни околности само ако: 1) според мислење на Народната банка, банката е солвентна и одржлива; 2) банката треба да ја подобри својата ликвидност и 3) банката обезбеди соодветно обезбедување. Ова се условите коишто треба да бидат исполнети за да може Народната банка да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности, доколку истото е потребно заради одржување на финансиската стабилност, како што е определено во ставот (1) од истиот член.

Согласно, со членот 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија исклучок од ставот (2) на овој член, само врз основа на гаранција обезбедена од Владата на Република Северна Македонија, Народната банка може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банка што нема соодветно обезбедување или на банка чија солвентност не може да се потврди на време или во постапка на решавање на банка. Исклучокот предвиден во оваа одредба се однесува на условите од ставот (2) на членот 22 од Законот, така што во случаите определени во ставот (4) од членот 22 од Законот, доколку не е исполнет некој од условите од ставот (2) на истиот член (пр: банката нема соодветно обезбедување), Народната банка може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности, но, врз основа на гаранција обезбедена од Владата на Република Северна Македонија. Со оглед на тоа, нема арбитрарност или нејасност во однос на тоа кога би се применила одредбата од ставот (4) на членот 22 од Законот.

Неосновани се и наводите во Иницијативата дека гаранцијата од Владата на Република Северна Македонија може да претпостави мешање во самостојноста на Народната банка, како и повреда на слободата на пазарот и претприемништвото. Согласно, член 22 став (6) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија одлучува за одобрување на ликвидносна поддршка во

исклучителни околности на банката. Потребата од обезбедување на гаранција од Владата на Република Северна Македонија за обврските на банката кон Народната банка на Република Северна Македонија врз основа на добиена ликвидносна поддршка во исклучителни околности, во случаи кога не се исполнети условите од членот 22 став (2) од Законот, произлегува од целта којашто треба да се постигне, а тоа е одржувањето на финансиската стабилност, што е и јавен интерес утврден, согласно со Законот. Гаранцијата од Владата на Република Северна Македонија е неопходна во случаите наведени во членот 22 став (4) од Законот, поради тоа што со таквото обезбедување на побарувањата на Народната банка на Република Северна Македонија спрема банката којашто добила ликвидносна поддршка во исклучителни околности, се овозможува да не дојде до монетарно финансирање. Преку гаранцијата од Владата на Република Северна Македонија дека таа ќе ги исплати обврските кон Народната банка на Република Северна Македонија доколку банката не е во можност тоа да го направи, се придонесува кон одржувањето на финансиската стабилност, како и кон одржувањето на независноста на Народната банка на Република Северна Македонија имајќи предвид дека се обезбедува нејзина финансиска заштита како кредитор.

Со Иницијативата се оспоруваат и одредбите од членот 2 точки 37 и 38 од Законот за банките, со кои се дефинираат поимите „ликвидносна поддршка во исклучителни околности" и „договор за ликвидносна поддршка во исклучителни околности", при што се наведува дека со овие одредби се нарушува принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција пропишан со членот 6 став (3) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија. Со наведените одредби од членот 2 од Законот за банките, само се упатува на соодветните одредби од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, за да биде јасно што се подразбира под поимот „ликвидносна поддршка во исклучителни околности" и поимот „договор за ликвидносна поддршка во исклучителни околности", кога тие се споменуваат во Законот за банките. Притоа, неосновани се наводите во Иницијативата дека во член 2 точка 37 од Законот за банките се упатува на условите пропишани со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, а дека во членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не се пропишуваат било какви услови. Спротивно на ваквите наводи, во членот 22 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е пропишано во кои околности Народната банка на Република Северна Македонија може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банка (став (1)), кои услови треба да бидат исполнети за да се обезбеди ликвидносната поддршка (ставови (2) и (4)), под кои услови и на кој начин се одобрува ликвидносната поддршка (ставови (3), (5) и (6)).

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорените одредби на член 22 став (1) во делот „обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка" и член 22 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21, 74/24 и 16/25) и од членот 2 точки 37 и 38 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/2009, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 122/21 и 37/25), се во согласност со член 8 став 1 алинеја 7 (односно член 9 алинеја 7 како што е наведено во Иницијативата) и член 60 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.28/2025 за оценување на уставноста на дел од одредба од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/2019, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24) и притоа го утврди следното мислење:

Имено, со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставност на делот ,,целост" од член 77 став (4) од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/2019, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24).

Имајќи го предвид статусот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија, потребата од усогласување со акцизното законодавство на Европската Унија како и најдобрите практики од земјите - членки на Европската Унија, се изготви нов Закон за акцизите кој е во најголем дел усогласен со европското законодавство од областа на акцизите. Истиот беше објавен во ,,Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 108/19 од 28.5.2019 година. Примената на новиот Закон за акцизите отпочна од 1 јануари 2020 година.

Притоа, усогласување со правото на Европската Унија е клучен инструмент за водење на процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија и претставува основа за следење на напредокот на државата во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Со новиот Закон за акцизите е извршен висок степен на усогласување со европското acquis, односно со европското законодавство од областа на акцизната проблематика што во континуитет е констатирано и во извештаите на Европската Унија за напредокот на Република Северна Македонија. Ова, значи дека новиот Закон за акцизите во голема мера е усогласен со Директивите на Европската Унија и ги опфаќа најдобрите практики и процедури од повеќето земји членки на Европската Унија.

Со Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19.....265/24), се уредуваат акцизите за добрата подложни на акциза во поглед на начинот на настанување, пресметување и плаќање на акцизите на акцизното подрачје на Република Северна Македонија, правата и обврските на акцизните обврзници и надлежниот царински орган во врска со акцизните добра, вклучувајќи ја постапката за надзор и следење на движењето на акцизните добра. Новиот Закон за акцизите, беше донесен на 28 мај 2019 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.108/19, при што истиот отпочна со примена од 1 јануари 2020 година.

Истиот, се донесе имајќи ја предвид потребата од усогласување со акцизното законодавство на Европската Унија и со најдобрите практики од земјите членки на Европската Унија.

Воедно, се напоменува дека во процесот на усогласување на новиот Закон за акцизите со акцизното законодавство на Европската Унија, усогласувањето е извршено со повеќе директиви на Европската Унија, меѓу кои вклучително и со Директивата на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 година за структурата и износот на акциза за тутунски производи (COUNCIL DIRECTIVE 2011/64/EU of 21 June 2011 on the structure and rates of excise duty applied to manufactured tobacco).

Подносителот на предметната Иницијатива му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставност на делот ,,целост" од член 77 став (4) од Законот за акцизите. Токму, овој дел, односно став (4) од член 77 од Законот, се укажува дека е во целост усогласен со

претходно наведената Директива на Европската Унија , односно со член 2 став (2) од Директивата на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 година за структурата и износот на акциза за тутунски производи (COUNCIL DIRECTIVE 2011/64/EU of 21 June 2011 on the structure and rates of excise duty applied to manufactured tobacco).

Токму во овој дел, односно со став (4) од член 77 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19.....265/24), каде што е пропишано дека производите кои во целост или делумно содржат материи кои не се тутун, но ги исполнуваат наведените критериуми во член 78 став (1) и член 80 став (1) од Законот за акцизите, ќе се сметаат за цигари и тутун за пушење, се укажува дека во конкретниот случај има потполна усогласеност со член 2 точка 2 од погоре наведената Директива на Европската Унија.

Исто така, важно е да се потенцира дека процесот на пристапување кон членство на Европската Унија, претставува клучен национален приоритет и стратешки интерес за Република Северна Македонија која има стекнат статус на земја кандидат за членство во Европската Унија. Во таа насока, меѓу другото се нагласува дека процесот на усогласување на националното законодавство со европското законодавство, односно со прописите на Европската Унија, претставува клучен индикатор за мерење на успешноста во наведениот процес. Истовремено, процесот на усогласување со прописите на Европската Унија, претставува клучен индикатор за мерење на успешноста со оглед на тоа дека членството во Европската Унија е клучен национален приоритет и стратешки интерес на Република Северна Македонија која има стекнат статус на земја кандидат за членство во Европската Унија.

Имено, во суштина со одредбите од Директивата на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 година за структурата и износот на акциза за тутунски производи, се врши усвојување на заеднички дефиниции за производи, односно хармонизирање на структурата на акциза за различни производи и воспоставување на минимални стапки на акциза.

Општите одредби и дефиниции од Директивата имаат за цел да воспостават јасна и конзистентна рамка, токму од причина што примената на различни дефиниции за тутунските производи, за цели на оданочување со акциза, можат да предизвикаат како правна несигурност, така и отежнато функционирање на пазарот.

Предметната Директива, меѓу другото има за цел да обезбеди и високо ниво на здравствена заштита. Воедно, истата треба да придонесе кон зајакнување на борбата против даночната измама, даночното затајување и нелегалното прекугранично купување.

Во однос на претходно наведената Директива на Европската Унија, се укажува дека истата ги идентификува тутунските производи кои подлежат на усогласените правила за акцизи и поставува/пропишува минимални нивоа на оданочување, со цел да се воспостави јасна и конзистентна рамка.
Токму во овој дел, односно со став (4) од член 77 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19.....265/24), каде што е пропишано дека производите кои во целост или делумно содржат материи кои не се тутун, но ги исполнуваат наведените критериуми во член 78 став (1) и член 80 став (1) од Законот за акцизите, ќе се сметаат за цигари и тутун за пушење, укажуваме дека во конкретниот случај има потполна усогласеност со член 2 став (2) од погоре наведената Директива на Европската Унија. Оттука, произлегува дека производот може да влезе во опсегот на оваа Директива и да подлежи на акциза која е пропишана за тутунски производ без, сепак, да се состои исклучиво од тутун, односно дека истите за даночни цели подлежат на оданочување со акциза. Суштината на постоењето на заеднички правила е за да се има сигурност дека акцизите се применуваат на ист начин и на исти производи насекаде. Усогласените дефиниции за акцизни тутунски производи имаат за

цел да поддржат конзистентен третман и правна јасност во класификацијата за целите на оданочување со акциза.

Не постои апсолутно никаква можност поради зборот ,,целост", а притоа со Законот за Царинската тарифа како што укажува подносителот во рамки на поднесената Иницијатива дека на определена стока/добро може да му се определи третман на ,,новоопределено акцизно добро", бидејќи Законот за акцизите ги утврдува/определува добрата кои ќе имаат третман на акцизни добра и кои се подложни на оданочување со акциза, во поглед на начинот на настанување, пресметување и плаќање на акцизите.

Истовремено, а во прилог на претходно наведеното, се укажува дека Номенклатурата на Царинската тарифа е усогласена со Номенклатурата на Хармонизираниот систем на Светската царинска организација и Комбинираната номенклатура на Европската Заедница. Воедно, Царинската тарифа секоја година се усогласува и менува согласно измените на Комбинираната номенклатура на Европската Унија. Царинската тарифа, всушност ги определува начинот на распоредување на стоки и царинските стапки, начинот на царинење, каде што има исклучително висок степен на усогласеност, односно постои усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија.

Исто така, новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи кој беше објавен во ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 98/19 од 21 мај 2019 година, беше донесен со цел усогласување со Директивата 2014/40/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 3 април 2014 година за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки за производството, претставување и продажба на тутунски и сродни производи и за укинување на Директивата 2001/37/ЕС, и Директивата 2011/64/ЕУ на Советот од 21 јуни 2011 година за структурата и стапките на акциза кои се применуваат кај преработен тутун.

Имено, поради донесувањето на Директивата 2014/40/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот, а со која се регулираат сродните производи на тутун, новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) е усогласен со претходно споменатата Директива. Со тоа е исполнета обврската за донесување на нов Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи, со кој се регулираат новопојавените производи од тутун и сродни производи кои во меѓувреме се појавија на пазарот во Европската Унија и кај нас. Тука, исто така се напоменува дека новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни призводи, воедно е усогласен и со Директивата 2011/64/ЕУ на Советот од 21 јуни 2011 година за структурата и стапките на акциза кои се применуваат кај преработен тутун.

Имајќи го предвид претходното, се смета дека подносителот на Иницијативата треба да го цени горенаведеното, вклучително и фискалниот карактер кој го има Законот за акцизите, наспроти фактот дека со Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, уредувањето кое се однесува на тутунот, производите од тутун и сродните производи се врши на начин заради нивно појасно и подобро разбирање како и следење на нивната употреба.

Во овој дел, а согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи се потенцира дека за сродни производи се сметаат производи кои се поврзани со производите од тутун, со електронските цигари, контејнерите за многукратно полнење, течностите што содржат никотин и производите слични на производите од тутун, а кои се изработени од растителни (билни) материјали.

Финално, здравствениот сегмент кој го опфаќа предметната Директива на Европската Унија, како и Законот за акцизите, при што се упатува на препораките на Светската здравствена организација (СЗО) која во континуитет предупредува на штетните последици од пушењето, по

здравјето на луѓето и околината како и на итната и неопходна потреба за сузбивање на истата појава. Во тој правец се укажува дека има и предупредувања кои произлегуваат од многу истражувања поврзани со оваа тема, според кои ,,секој вид на цигара без оглед на супстанците кои ги содржи, (а кои притоа можат целосно и да не содржат тутун, туку други супстанци), содржат катран и јаглерод моноксид кои се испуштаат при пушење воопшто, така што нивната употреба во секој случај е поврзана со реални здравствени опасности/ризици. Тука, меѓу другото и дестимулативното влијание кое треба да го има Законот за акцизите по однос на потрошувачката на одредени производи кои имаат негативни ефекти, односно се штетни по здравјето и околината.

Врз основа на сето претходно наведено, се смета дека подносителот на Иницијативата изнел погрешни и неточни наводи, бидејќи одредбата е прецизна и јасна, дотолку повеќе што во конкретниот случај има и потполна усогласеност со Директива на Европската Унија од областа на акцизното законодавство, како и усогласеност со Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на дел од одредба од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24).

**Точка 60**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 во делот „единките корисници", член 9 став 2 во делот „критериуми", од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 254/24) и член 4 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во доставеното образложение е наведено дека оспорениот дел „единки корисници" од член 9 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, може да доведе до забуна во примената на одредбата, од причина што Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22, 59/23, 39/24, 76/24 и 272/24), не препознава и признава термин „единки корисници" и „единка корисник".

Се укажува дека Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година е годишен закон, кој се применува до 31 декември 2025 година. Во овој период се применува Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 3/25), каде во член 2 став 2 се појаснува значењето на терминот „единки корисници", кои претставуваат корисници од втора линија кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник. Ова значи дека во правниот промет се применува закон каде јасно е нотирано што се подразбира под терминот „единки корисници".

Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22, 76/24 и 272/24), на кој се повикува подносителот во предметната иницијатива е со одложена примена, односно најголем дел од одредбите, вклучително и член 2 од истиот каде се дефинира терминот „буџетски корисници", ќе се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Во однос на Иницијативата за поведување на постапка за оспорување на законитоста која се однесува на членот 4 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на

утврдување на висината на остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетски корисници, единките корисници и фондовите, се смета дека истата е во согласност со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, поради што не постојат пречки за уредување на соодветната материја, во предметната Уредба.

Во однос на Иницијативата за поведување на постапка за оспорување на законитоста, која се однесува на членот 9 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, се смета дека освен паушални наводи од страна на барателот, не се дадени никакви основи во поткрепа на своите тврдења дека критериумите освен во закон не можат да се уредат во друг акт. Наведеното дотолку повеќе што самата постапка за донесување на Уредбата е транспарентна, при што истата се носи од страна на Владата на Република Северна Македонија по предлог на Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација, што неспорно укажува дека не се работи за арбитрарно определување на критериумите.

Поради горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека наводите во Иницијативата не се издржани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата како неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

**<u>Точка 61</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Виктор Василевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.44/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 став (1) точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со предметната Иницијатива се укажува дека при поднесување на истата не се земени предвид последните измени на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.47/25), согласно кои точката 9) од овој член стана точка 8).

Подносителот на Иницијативата наведува дека бришењето на сметководителот, односно на овластениот сметководител од соодветниот регистар кој се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, заради остварување на правото на пензионирање, е спротивно на член 8 став (1) алинеи 3 и 6, член 32 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Донесувањето на Законот за вршење сметководствени работи во 2022 година е во насока на регулирање на сметководствената професија во Република Северна Македонија во согласност со меѓународните практики и стандарди. Со Законот се уредуваат условите за вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување на статус сметководител и овластен сметководител, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето на сметководствените работи.

Со одредбите од член 31 до член 34 од Законот се уредува вршењето на сметководствените работи, притоа со одредбата од член 31 став (6) од Законот уредено е дека со право за вршење сметководствени работи, како и со право за потпишување на годишната сметка и даночни пријави за целите на финансиското известување се стекнува сметководител и/или овластен сметководител кој има уверение за сметководител и/или овластен сметководител, издадено од Институтот и е запишан во соодветниот регистар кој го води Институтот.

При тоа, за целите на финансиското известување на обврзникот за водење сметководство му е дадено право на избор за вршење на сметководствените работи со склучување на договор истото да го довери на трговец поединец или друштво за вршење на сметководствени работи или да вработи сметководител и/или овластен сметководител со полно работно време, а обврзниците за водење на сметководство, кои согласно Законот за трговските друштва се поврзани лица, може да вработат едно исто лице со скратено работно време.
Оттука, се укажува дека Законот уредува јасни, транспарентни и унифицирани критериуми за сите граѓани на Република Северна Македонија во поглед на можноста за вршење на сметководствени работи, односно истиот обезбедува почитување на одредбите од Уставот и достапност на работното место на сметководител или овластен сметководител под еднакви услови за секој граѓанин на Република Северна Македонија, односно не го загрозува владеење на правото што е во согласност со член 8 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека оспорените законски одредби очигледно не се во согласност со Уставот и не се ни во согласност со членот 252 од Законот за работните односи и членот 619 од Законот за облигационите односи, кои предвидуваат работа со договор за дело.

Овој навод се отфрла во целост поради следното:

1. Цитираната одредба од член 252 од Законот за работните односи е содржана во главата 23 од законот, со која се уредува работа на деца помлади од 15 години, ученици и студенти. Согласно, Законот за вршење на сметководствени работи е можно само по завршувањето на соодветно средно или високо образование што подразбира возраст над 18 години и стекнување на деловна способност. Поради тоа, се отфрла наводот дека постои колизија помеѓу овие два закона.

2. Согласно, член 31 став (8) од Законот за вршење на сметководствени работи, меѓусебните права и обврски меѓу обврзникот за водење сметководство и трговецот поединец, односно друштвото за вршење сметководствени работи се уредуваат со договор за вршење на сметководствени работи. Според ова, оспорената законска одредба не го исклучува член 619 од Законот за облигациони односи, туку напротив истата е во целост усогласена со цитираната одредба, како и со член 8 и член 51 од Уставот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) со член 8 став (1) алинеи 3 и 6, член 32 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 став (1) точка 8) од Законот за вршење на сметководствени работи, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на наведената одредба од Законот.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Иницијативата од Влатко Атанасоски од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.34/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 599 став 1 точка 6 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18, 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.79/20, 123/20, 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 44 став 2, член 45 став 1, член 46 и член 47

од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 253/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива подносителот предлага поведување на постапка за оценување на член 599 став 1 точка 6 од Законот за трговските друштва и член 44 став 2, член 45 став 1, член 46 и член 47 Законот за прекршоците, со образложение дека со оспорените одредби се повредени уставните одредби од член 8 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, на начин што се нарушуваат основните економски слободи и се нарушува слободата на претприемништвото.

Согласно, член 469 став 1 од Законот за трговските друштва секој трговец има обврска да води сметководство на начин определен со закон.

Во членот 470 е направена класификација на трговците, а во делот: годишна сметка и финансиски извештаи, во членот 476, се уредени: начинот, рокот и содржината на годишната сметка.

Согласно, член 476 секој трговец од член 469 по истекот на деловната година е должен да состави и достави годишна сметка, а согласно член 477 рокот за изготвување и доставување не може да биде подолг од два месеца од завршувањето на деловната година.

Во член 599 став (1) од Законот за трговските друштва предвидена е глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако: не составува, не објавува и не доставува годишни сметки, односно консолидирани годишни сметки, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи, кога имаат обврска за тоа со овој закон (член 476 став (1), член 477 ставови (1), (4), (5), (8) и (12), член 482 ставови (1) и (2), член 504 и член 506 ставови (4) и (5));

Во член 599-а во ставот 1 е предвидено дека прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три месеци до две години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштвото за прекршок од членот 599 став (1) точки 1, 3. 5, 6 и 7 на овој закон. Во ставот (2) е предвидено дека прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за прекршок од членот 599 став (1) точки 1, 3, 5, 6 и 7 на овој закон.

Согласно, член 22 од Законот за прекршоците, од прекршочни санкции за физички лица може да се изрече глоба и забрана за вршење професија, дејност или должност, додека согласно член 34 за правното лице може да се изрече глоба и привремена забрана за вршење одделна дејност.

Согласно, член 47 кога овластеното службено лице ќе утврди дека е сторен прекршок за кој со закон е предвидено издавање на прекршочен платен налог, на сторителот на прекршокот ќе му го врачи прекршочниот платен налог, а ако сторителот не ја плати глобата во рокот, овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган.

Во член 70 е предвидено дека против решението за прекршок донесен од страна на прекршочен орган може да се поведе управен спор, додека во член 124 е определено дека против пресуда и решение на првостепениотсуд може да се изјави жалба до второстепениот суд.

Поради наведеното, се смета дека не е сторена повреда на членот 8, ниту на член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи со оспорените законски одредби не се нарушува принципот на владеење на правото и слободата на претприемништвото и истите се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 599 став 1 точка 6 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18, 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.79/20, 123/20, 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 44 став 2, член 45 став 1, член 46 и член 47 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 253/23) е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на горенаведените членови од Законот за трговските друштва и Законот за прекршоците.

## Точка 63

1. Владата го разреши Сељатин Бељули од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Скопје.

1.1 Владата го именува Сељатин Бељули за директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Скопје.

2. Владата ја разреши Весна Пешова од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Скопје.

2.1 Владата ја именува Весна Пешова за заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Скопје.
3. Владата го разреши Ирфан Одаи од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3.1 Владата го именува Ирфан Одаи за директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Фатљум Јусуфи за заменик - директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја разреши Флутура Лазими од должноста заменик - член на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на вработените во органите на државната управа од Министерството за европски прашања.

5.1 Владата ја назначи Марија Николовска Ѓорѓиев за заменик - член на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на вработените во органите на државната управа од Министерството за европски прашања.

6. Владата ја разреши Јелена Спасова од должноста член на Советот за образование на возрасните, од Занаетчиската комора на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

6.1 Владата ја именува м-р Љиљана Крстевска за член на Советот за образование на возрасните, од Занаетчиската комора на Република Северна Македонија.

7. Владата заклучи Предлогот под реден број 9 кој се однесува на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, да се одложи од разгледување.

**Точка 64**

**1.** По повод укажувањето на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во врска со последните измени во Законот за стоковните резерви, Владата ја задолжи Агенцијата за стоковни резерви да подготви и за наредна седница на Владата да достави информација со предлог – одлуки за набавка на меркантилна пченица за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна Македонија и за набавка на оризова арпа за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, согласно барањата и потребите на повредените од несреќата во Кочани, редовно да обезбедува млеко и млечни производи и месо и месни производи (пилешко) и истите да ги доставува до одморалиштето на МВР-Поникива, Кочани.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да стави на располагање готвач за приготвување на оброци на повредените од несреќата во Кочани, кои се сместени во одморалиште на МВР- Поникива, Кочани.

**3.** Владата по повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со податоците во Регистарот на примател на донации и спонзорства за активности од јавен интерес, ги задолжи сите министерства и органи на државна управа, а им укажа на општините, акционерските друштва, јавните претпријатија и на сите други институции кои немаат статус на органи на државна управа, до Министерството за правда да доставaт преглед со детални податоци за тоа која институција колку средства издвојува за донации и спонзорства за активности од јавен интерес (невладини организации).

По добивањето на податоците од институциите, се задолжува Министерството за правда до Владата да достави збирна информација.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик за 2024 година (јануари – септември 2024 година и декември 2024 година), како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови", со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови поврзани со ИПА проектите кои се работат, согласно ФИДИК правилата, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлог на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за 2024 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за распределба и користење на средства за реализација на проекти во сообраќајната инфраструктура за 2025 година (усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство).

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со задолжението од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, за компаративната анализа за трите варијантни решенија за изведба на Делница 2: Гостивар-Букојчани, со прилози, ја усвои и му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта преку договорните механизми, во соработка со изведувачот „Bechtel/Enka" да изработи проектна документација за финансиски, економски и временски поисплатливата планинска варијанта и да се започне со градба на истата.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и прва одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и четврта одлука), (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и петта одлука).

**Точка 78**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс 6 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем, склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог-одлуки, како материјал за информирање и не ги донесе одлуките.

Истовремено, Владата укажува на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО), да постапува согласно своите законски надлежности, утврдени во Законот за трговските друштва.

**Точка 79**

Владата по Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк" на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје и Барањето на Министерството за финансии за изменување на Заклучокот по точка 4 од Нацрт - записникот од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јуни 2025 година, кој гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк" на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, да достави официјално барање до Европската банка за обнова и развој за финансиска поддршка на проектот „Обнова на возниот парк на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје",

заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк" на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД, Скопје, во рок од седум дена да достави барање до Европската банка за обнова и развој за финансирање на проектот „Обнова на возниот парк на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД, Скопје" со заем во износ од 20.900.000,00 евра, како и грант средства за подготовка и реализација на истиот.".

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Општина Битола.

**Точка 81**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци.

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница.

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница.

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште.

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба.

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија.

13. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров.

14. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар.

15. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево.

16. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар.

17. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино.

18. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден.

19. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце.

20. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци.

21. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош.

22. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода.

23. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево.

24. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани.

25. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово.

26. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка.

27. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани.

28. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово.

29. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица.

30. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила.

31. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино.

32. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид.

33. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец.

34. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп.

35. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип.

36. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш.

37. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен.

38. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај.

39. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе.

40. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга.

41. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица.

42. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани.

43. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце.

44. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово.

45. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар.

46. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир.

47. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево.

48. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип.

49. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари.

Истовремено, се укажува на општините при спроведувањето на одлуките да се консултираат со Министерството за социјална политика, демографија и млади, со цел соодветна распределба на движните ствари.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите, за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, исплатата на стипендии да се врши без притоа да се наруши динамиката на реализација на средствата наменети за партиципација во ученички домови планирани во рамките на буџетот на Министерството за образование и наука, Потпрограма 50-Ученички стандард, како и потребните средства за наредните години, ресорното министерство да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за интегрирање на онколошките одделенија од ЈЗУ клинички болници и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември" во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, со цел функционална децентрализација на онколошката и радиотерапевтската здравствена услуга и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство и Управата за електронско здравство „Мој термин", а се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, јавните здравствени установи клиничка болници во Битола, Штип и Тетово и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември", да номинираат претставници до Министерството за здравство за учество во работна група за интегрирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, а заради операционализација и спроведување на активностите на интеграцијата, во рок од 14 дена од усвојувањето на Информацијата.

2. Се задолжува Министерството за здравство да формира работната група за интегрирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, во рок од 14 дена од добивањето на сите номинации од Управата за електронско здравство „Мој термин" Фондот за здравствено осигурување, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, јавните здравствени установи клиничка болници во Битола, Штип и Тетово и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември".

3. Се укажува на јавните здравствени установи клиничка болници во Битола, Штип и Тетово и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември", да изготват геодетски елаборат за недвижностите кои би припаднале на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, од страна на секоја Јавна здравствена установа засебно, и истите да ги достават до Министерството за здравство во рок од шест месеци.

4. Се укажува на јавните здравствени установи клиничка болници во Битола, Штип и Тетово и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември", во соработка со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да извршат попис на медицинска и немедицинска опрема којашто би била преземена во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, во рок од 6 месеци и истиот да го достават до Министерството за здравство.

5. Се укажува на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, јавните здравствени установи клиничка болници во Битола, Штип и Тетово и Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември", да подготват нацрт - договор за тековно соработување и подмирување на заеднички трошоци, со план на имплементација на истиот и во рок од три месеци да го достават до Министерството за здравство.

6. Се укажува на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да развие план за работа и од аспект на движење на пациенти, дистрибуција на терапија до локалната аптека на одделението со сите потребни материјали и слично, како и да има изготвен предлог нов статут со нова систематизација, план за потребните нови вработувања и истите да ги достави до Министерството за здравство во рок од шест месеци.

7. Се задолжува Министерството за здравство квартално да ја информира Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активноста, се до конечно реализирање на иницијативата.

**<u>Точка 84</u>**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за состојбата со „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион" и учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 47-та сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (6-16 јули 2025 година, Париз, Франција).

Истовремено, Владата заклучи на наредната седница на Владата да присуствува претседателот на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, со цел да ги информира членовите на Владата за досегашните преземени активности на оваа комисија, согласно нејзината надлежност.

**<u>Точка 85</u>**

Владата го разгледа Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 8 јули 2025 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 8 јули 2025 година.

2. Донесе Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризната состојба на територијата на Република Северна Македонија е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка при гасење на пожарите.

5. Се задолжува Министерството за здравство и здравствениот персонал од општа и медицина на трудот да бидат во приправност за времетраењето на кризната состојба.

6. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради

зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

7. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

8. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

9. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливи човечки и материјално – технички ресурси и план за координирано дејствување.

10. Во случај на потреба, Владата ќе одлучува за учество на меѓународни организации, институции и поединци во справување со кризната состојба.

**Точка 86**

Владата го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 7 јули 2025 година, го усвои, утврди Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Азир Алиу, министер за здравство, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 87**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонски Телеком АД Скопје, со текст на Меморандум, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии и Министерството за транспорт да доставaт мислење по материјалот.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.